Датум:

30.01.2015

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите во Македонија (СЕММ), по Жалбата на Марјан Николовски за текстот со наслов “Сител не е Шарли Ебдо”, објавен на 10.01.2015 година на веб - порталот Локално.**

**П Р Е Т С Т А В К А Т А   Е   Н Е О С Н О В А Н А**

**Не се прекршени одредбите од Кодексот на новинарите на Македонија**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

До Комисијата за жалби, на 12.01.2015 година, се обрати лицето Марјан Николовски и поднесе Жалба за текстот со наслов “Сител не е Шарли Ебдо”, објавен на 10.01.2015 година на веб - порталот Локално. Жалителот наведува дека текстот содржи говор на омраза и дискриминација, но не дава конкретни констатации и забелешки за места во текстот каде што, според неговите тврдења, има содржина со говор на омраза и дискриминација. Во прилог на Жалбата, Николовски достави и “print screen” од објавениот текст на Локално.мк.

Канцеларијата на Советот за етика во медиумите на Македонија веднаш по приемот на Жалбата, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, истата ја препрати до Интернет - порталот Локолно.мк. Главниот и одговорен уредник на Интернет - порталот Локално, Драган Антоновски, одговори на Жалбата во определениот рок. Во одговорот, главниот и одговорен уредник посочува дека Интернет - порталот Локално.мк не може да е странка во овој етички спор бидејќи, како што е видно и во самиот текст, јасно со иницијали е наведен авторот на оспорениот текст – Г.П., а веднаш потоа со активен линк е посочен Интернет - порталот од каде што е преземен текстот, а во овој случај тоа е Интернет - порталот Окно. Уредникот, во продолжение, наведува дека тоа може да се увиди од самиот “print screen” кој го испратил жалителот Марјан Николовски, односно најдолу, во самиот лев агол, јасно се гледа дека е наведен изворот Окно. Тоа може да се утврди и од самиот текст кој се уште е активно објавен на Локално.мк. За содржината на самиот текст единствено може да одговара авторот, а не Локално.мк. Во однос на самиот текст, уредникот Антоновски смета дека со ре-објавување на овој текст се штити јавниот интерес, бидејќи придонесува во јакнењето на правната држава и во контролата на власта и на другите субјекти од јавниот живот, повикувајќи се на ставот 6 од Преамбулата на Кодексот на новинарите на РМ. На крајот, уредникот Антоновски предлага Жалбата да е одбиена како неоснована и од одлучувањето на Комисијата да биде изземен членот Филип Ѓурчиновски, поради судир на интереси, бидејќи е ангажиран во овој Интернет - портал, со цел да се обезбеди мериторност во одлучувањето и спречување на делегитимирање на одлуката на Комисијата.

На седницата на 30.01.2015 година, Комисијата за жалби, најпрво, го иззема од расправа и одлучување членот Филип Ѓурчиновски поради судир на интереси, а потоа ги разгледа наводите на жалителот Марјан Николовски и на главниот и одговорен уредник Драган Антоновски, а направи и увид во наведениот текст.

Комисијата за жалби најде дека Жалбата е НЕОСНОВАНА.

Во согласност со став 6 од преамбулата на Кодексот на новинарите на Македонија, следејќи ја својата улога во градењето на демократијата и на цивилното општество, новинарите ќе

ги бранат човековите права, достоинството и слободата, ќе го почитуваат плурализмот на идеите и ставовите, ќе придонесуваат во јакнењето на правната држава и во контролата на власта и на другите субјекти од јавниот живот.

Во согласност со член 5 од истиот Кодекс, новинарот ќе ги почитува законите во државата, но нема да објави или скрие нешто што е спротивно на јавниот интерес.

Во согласност со пресудата на ЕСЧП Dalban против Романија, новинарската слобода опфаќа и можно прибегнување кон одреден степен на преувеличување, па дури и провоцирање за прашања од јавна дебата или јавен интерес.

Комисијата за жалби најде дека, видно од "print screen" – от кој го достави жалителот Николовски, јасно се гледа дека Интернет - порталот Локално.мк јасно го навел изворот и авторот на текстот, во овој случај авторот Г.П., чиј текст е објавен на Интернет - порталот Окно.мк. Врз основа на тоа, Комисијата смета дека Локално.мк не може да биде страна во етичкиот спор во однос на авторството, но дека како медиум мора да внимава содржините да не се спротивни на Кодексот на новинарите на Македонија. Комисијата утврди дека во овој случај уредувачкиот тим внимавал во однос на тоа дали текстот има содржини спротивни на Кодексот на новинарите на Македонија.

Понатаму, Комисијата наоѓа дека објавениот текст на Локално.мк е од јавен интерес, бидејќи од толкувањето на член 5 од Кодексот произлегува дека новинарот ќе ги почитува законите на државата, но нема да објави или да сокрие што и да е во спротивност со јавниот интерес, а тоа подразбира дека јавниот интерес, исто така, вклучува информации кои им помагаат на луѓето да донесат одлуки од јавен карактер и го спречуваат заведувањето и манипулацијата со населението со изјави или постапки на поединци или организации.

Комисијата смета дека во согласност со член 6 став 2 од Кодексот на новинарите на Македонија, новинарите и медиумите се субјекти од јавниот живот и треба да подлежат на критика, како и дека нивната работа влијае на креирањето на јавното мислење, но и на политичките состојби и на политичкиот систем на државата. Впрочем, во согласност со член

16 од Уставот на РМ се гарантира слободата на мислата и јавното изразување на мислата, говорот, јавниот настап и јавното информирање.

Како што може да се увиди од пресудата на ЕСЧП во предметот Dalban против Романија од 1999 година, Судот наведува дека новинарската слобода опфаќа и можно прибегнување кон одреден степен на преувеличување, па дури и провоцирање. Комисијата најде дека во текстот постои јасна дистинкција меѓу фактите и мислењата и дека медиумот како јавна институција која е дел од политичкиот живот е легитимна цел за новинарски коментари и анализи, се’ додека во нив нема тенденција на мешање меѓу фактите, тврдењата и мислењата.

Во согласност со овие наоѓања, Комисијата за жалби едногласно одлучи да ја отфрли Жалбата за текстот со наслов “Сител не е Шарли Ебдо”, објавен на 10.01.2015 година на веб- порталот Локално.мк.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска и Теофил Блажевски.

Со почит,
Комисија за жалби при СЕММ

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски